РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Приватна високообразовна установа
УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ
Бр. 09 - 02/2
12.01. 2022 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 94, став 1, точка 2 од Законот за високо образование ("Сл. весник на РМ" бр. 82/2018), член 23 од Статутот на Универзитет Американ Колеџ Скопје и точка 2 од Одлуката за организирање на академската 2021/2022 година на Универзитет Американ Колеџ Скопје, Универзитетскиот Сенат на Универзитет Американ Колеџ Скопје на својата 1-ва седница одржана (преку видео конференциска врска), на 12.01.2022 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

**за организирање настава и полусеместрални испити во првиот дел од пролетниот семестар од академската 2021/2022 година на Универзитет Американ Колеџ Скопје**

1. Поради постоењето на пандемија предизвикана од вирусот ковид-19, Универзитет Американ Колеџ Скопје, како одговорна високообразовна институција која се грижи за сите членови на своето академско семејство, ја носи оваа одлука со цел да се организира наставата и полусеместралните испити во првиот дел од пролетниот семестар од академската 2021/2022 година на начин на кој ќе овозможи соодветна заштита на здравјето на сите студенти, наставници и неговиот административен кадар.

2. Првиот дел од пролетниот семестар од академската 2021/2022 година ќе се организира преку опција 1 од точка 2 од Одлуката за организирање на академската 2021/2022 година на Универзитет Американ Колеџ Скопје, односно со целосно затворање на можната физичка комуникација на учесниците во наставата и одржување на активности on line преку платформите Webex и Moodle во времетраење од 6 седмици, односно заклучно со одржувањето на полусеместралните испити.

3. Наставата ќе се организира преку видеоконференциска врска, преку платформата Webex.

4. Полусеместралните испити (Mid-term exams) на прв циклус односно испитите на втор циклус, ќе се организираат на еден од следните начини:

   — Писмен испит преку платформата Moodle;

- Устен испит преку платформата Webex;
- Устен испит на УАКС со соодветен распоред на студентите, за да нема поголеми групирања;
- Устен испит, со презентирање на проекти или практична работа на УАКС со соодветен распоред на студентите за да нема поголеми групирања (важи за студентите на ФАД);
- Електронски испит, преку изготвување проекти или други активности (важи за студентите на ФКТИ, но и за сите други предмети на УАКС кои се поврзани со компјутерски вештини);
- Комбинација од горенаведените или друг начин за кој одлучува секој предметен наставник посебно.

5. За начинот на организирање на полусеместралните испити одлучува секој предметен наставник, со претходно одобрение од декан и известување до Служба за студентски прашања.

6. Поправната сесија на есенскиот семестар од прв циклус студии ќе се организира согласно точка 4 од оваа одлука.

7. Одбраните на дипломските, магистерските и докторските студии се организираат преку видеоконференциска врска.

8. Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

9. Одлуката да се достави до членовите на Ректорската Управа, членовите на Универзитетскиот сенат, административните служби и до архивата на Универзитетот.

**Универзитетски сенат**
**вон. проф. д-р Марина Андева, претседател**